# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРИВАТНОСТ

Министерството за заедници и правда на Нов Јужен Велс (DCJ) ја води Step Together (Чекор заедно), национална телефонска линија за помош и служба за поддршка во борбата против насилниот екстремизам, во име на Министерството за внатрешни работи на Австралија (DHA). Ова значи дека DCJ прима и одговара на барања упатени до Step Together од сите австралиски држави и територии.

## Обврските за приватност на Step Together според законите на Нов Јужен Велс

Како владина агенција на Нов Јужен Велс, DCJ мора да ги почитува своите обврски според законите за приватност на Нов Јужен Велс при управување со вашите информации:

- За лични информации: ***Законот за приватност и заштита на лични податоци од 1998 година*** (Нов Јужен Велс)
- За здравствени информации: ***Законот за здравствени записници и приватност на информации од 2002 година*** (Нов Јужен Велс)

Овие закони имаат принципи за приватност кои одредуваат:

- какви лични и здравствени информации можеме да собираме и на каков начин
- како ги чуваме и заштитуваме личните и здравствените информации
- како можете да откриете кои информации чуваме за вас и да ги исправите доколку се погрешни
- како можете да поднесете жалба за тоа како се обработени вашите лични или здравствени информации.

## Кои информации ги собираме

Step Together собира само информации што ни ги доставуваат поединци кои контактираат со Step Together. Ова може да биде во тек на повик на телефонската линија за помош, преку пораки на интернет или преку имејл.

Кога некој се јавува на телефонската линија за помош, го забележуваме и телефонскиот број на повикувачот, освен ако не е приватен број, а и државата или територијата од каде што се јавува. Сите повици на телефонската линија за помош се снимаат.

## Зошто собираме информации и како ги користиме

Step Together ги користи информациите што ги собира за да одговори на прашања што можеби ги имате, да ви даде совети и/или да ве поврзе со соодветни служби за поддршка.

Исто така, ги користиме информациите што ги собираме за да го процениме вашето барање. Во некои околности, потребно е да ги споделите вашите информации со специјализиран тим во вашата држава или територија, за да можат да понудат дополнителна поддршка и програми достапни локално. Ќе бидете известени пред да бидат споделени вашите информации. Повеќе информации за програмите во секоја држава или територија се достапни овде.

Исто така, може да ги користиме вашите информации на пошироко ниво за да помогнеме во планирањето, координирањето и подобрувањето на услугите на Step Together.

Во одредени околности, на DCJ може да му биде дозволено, овластено или обврзано да открие одредени информации со закон. Ова вклучува случаи кога постои непосреден ризик по здравјето или безбедноста на лицето или во околности кога постои загриженост за безбедноста или благосостојбата на дете.

**Повеќе информации за тоа како Step Together управува со податоци**

Доставувањето информации до Step Together е доброволно и вие контролирате колку информации споделувате со нас.

Посветени сме на одговорно и правилно управување со информациите што ги собираме и заштита на приватноста на нашите стејкхолдери и персонал, но и јавноста. Сите собрани информации се чуваат безбедно во системи со контролиран пристап и можат да ги видат само вработените во Step Together.

За дополнителни информации, за да побарате пристап до или корегирање на вашите информации или за да поднесете жалба во врска со приватноста, ве молиме контактирајте:

- Телефон: 1800 875 205
- Имејл: contact@steptogether.gov.au

**Политиката за приватност на DCJ** и **Планот за управување со приватноста на DCJ** опишуваат како Одделот обработува лични и здравствени информации и ги извршува своите обврски согласно *Законот за приватност и заштита на лични информации од 1998 година* и *Законот за приватност на здравствените податоци и информации од 2002 година*.

Личните и здравствените информации собрани од програмата Step Together ги собира:

NSW Department of Communities and Justice
Locked Bag 5000
Parramatta, New South Wales, 2124